***З А П И С Н И К***
***од 10-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 26.05.2022 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци на Советот на општина Демир Хисар во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 9 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторoски.

На седницата беа присутни од општинската администрација Сузана Цуцуловска, Марина Поповска, Катерина Радовска, Моника Петревска, Томе Милошовски, исто имаше претставници од училиштата Мирјана Пејчиновска и Марина Давидевска, од Домот на културата „Илинден“ Демир Хисар Зоранчо Здравевски, од ЈОУДГ „Втори Септември“ Цане Трајчевски и од ЈКП „Комуналец“ Лилјана Миладиновска. На седницата присутна беше Мирјана Јанчевска –граѓанин со предходна писмена најава.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од деветта седница на Совет на општина Демир Хисар

За записникот од деветтата седница советничката Марина Димитријовска побара исправка во записникот во точка 33 наместо Христијан Ангелевски треба да стои Христијан Алексовски. Други забелешки немаше.

За усвојување на записникот гласаа 10 „за“.

- Усвојување на записник од итна седница на Совет на општина Демир Хисар одржана на 21.04.2022 година

За усвојување на записникот гласаа 10 „за“.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година.

2.Усвојување на Годишна сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година.

3. Донесување на План за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општина Демир Хисар за 2022 година.

4. Усвојување на Извештај за извршено чистење на снег на општинските патишта и улици во Демир Хисар за сезона 2021/2022 година.

5. Донесување на Решение за именување на член претставник од Локална самоуправа во Училишен одбор во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар.

6. Донесување на Решение за разрешување и именување на претседател во Управен одбор во ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар.

7. Донесување на Одлука за поставување на легнати полицајци во Демир Хисар и во селата.

8.Формирање на Шинтерска служба во склоп на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

9. Разгледување на Извештај за досегашниот тек во спроведување на Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

10.Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори десеттата седница на Совет, и предложениот Дневен ред го стави на расправа. По Дневниот ред немаше дискусија. За усвојување на предложениот Дневен ред гласаа 10 „за“.

***ТОЧКА 1. Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година***

Кварталниот извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година беше едногласно усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. Во врска со Кварталниот извештај објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Советничката Марина Димитријовска праша во ставка оперативни расходи за завршна сметка кај училиштата има различни износи на потрошени сресдства, на што се должи тоа. Претставникот Марина Поповска објасни од тука се плаќа за завршна сметка една завршна сметка е 2.100, некој имаат повеќе сметки некој помалку. Цане Трајчевски објасни во ЈОУДГ „Втори Септември“ има две сметки платено е 4.200 и 4.360 за електронски потпис, исто платено е централен регистер, судстки и за скенирање. Претставникот Мирјана Пејчиновска додаде во ООУ „Гоце Делчев“ има две сметки, а Марина Давидевска објасни останатите две основни училишта имаат по две сметки, додека домот на културата има 4 сметки објасни Зоранчо Здравевски. Советничката Марина Димитријовска забележа во домот се плаќа лице со договор за изготвување на завршна сметка. Претставникот Зоранчо Здравевески објасни во Домот на културата нема вработено книговодител, а и во систематизација нема такво работно место, затоа мора да се ангажира надворено лице. Советничката Димитријовска побара објаснување за потрошени средства за интернет кај училиштата има разлини износи потрошено. Претставникот Мирјана Пејчиновска објасни во ООУ „Гоце Делчев“ 14.750 е месечен интернет за централното и сите подрачни училишта. Марина Давидеска додаде во ООУ „Даме Груев“ нема посебен интернет тој е заедно со телефонот, а во ООУ „Браќа Миладиновци“ интернет има преку кабловската. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на кварталниот извештај гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 2. Годишна сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година***

Годишната сметка на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година беше едногласно усвоена од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. Во врска со годишната сметка објаснување имаше претставникот Лилјана Миладиновска. Имено од податоците се гледа дека годината е завршена со негативен финансиски резултат, две години се работи во услови на ковид криза, сега имаме состојба на енергетска криза, воена криза и сето тоа има влијание. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски забележа има и нерационално трошење, недомаќинско работење, но сето ова е завршено. Советничката Марина Димитријовска забележа завршната сметка до Советот е доставена со закаснување. Претставникот Миладиновска објасни навреме е изготвена, но немаше формирано Управен и Надзорен одбор, на 29.04.2022 е помината пред телата, потоа немаше седница на Совет, затоа се одолжи. Ова што е прикажано во годишната сметка е влез излез состојба. Советничката Марина Димитријовска истакна постои разлика во трошењето кај управни одбори и кај телефон и интернет споредено двете години на што се дожи тоа. Претставникот Лилјана Миладиновска објасни во 2021 година се склучи договор со кабловската за интернет кај пумпите имаше потреба затоа има повеќе трошоци, а за управниот одбор поради ковид кризата немаше седници. Советникот Сашо Михајловски во својата дискусија истакна подолго време имал можност да има увид во финансиска состојба на претпријатиета и во ваква состојба толку негатива никогаш немало. Споредено 2020 и 2021 приходите од правни и физички лица има разлика. Потоа праша како е наплатата кај физичките лица, има големи побарувања од физички лица и што се презема за да се наплатат тие средства, не се малку средства, а потоа додаде расходите се зголемени. Претставникот Лилјана Миладиновска објасни во приходниот дел има разлика посебно кај правните лица поради ковид кризата многу претпријатија не работеа, училиштата исто така не работеа со физичко присуство потрошувачката беше намалена. За подобрување на наплатата се преземаат мерки се доставуваат опомени се спремаат тужби. Во услови на криза се покачи цената на струјата, сега уште потешко ќе биди за претпријатието. Советникот Сашо Михајловски додаде исто беше коментирано и кога се носеше

цената за водата дека ќе биди тешко цената на водата е иста, а цената на струјата се зголемува. И тогаш се сугерираше да се преземи нешто за наплатата потоа праша точка 24 за што се работи. Претставникот Лилјана Миладиновска објасни се бушеше бунар за вода во Загориче и друга работа со машина, превоз. Советникот Валентин Несторовски објасни во Загориче се ископаа два бунари и двата немаат вода. Предходниот директор сакаше бушотините да ги врши фирма која тој ја донесе се потрошија многу средства и ништо. Ние најдовме фирма со која се договоривме ако извади вода да платиме ако не нема да се плати, ама директорот сакаше фирмата која тој ја најде таа работи. Сега имаме потрошени средства два нефункционални бунари, селото нема вода  катастрофа. И на крајот ни рече овде копав оти вие ми рековте тука. Селото плаќа вода со цена како да има пумпи, а се снабдуваме по природен пат.  Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша работите дали преку јавни набавки или во четири очи. Советничката Ивана Кочовска праша трошоци за вработените за што се исто друга ставка помош за вработените. Претставникот Миладиновска објасни 126.000 беа потрошени за вработените за велигден, од тука се исплаќа надомест за смрт на член на семејство на вработените. Доделена е помош за вработените во 2020 година на сите јавни претпријатија Владата му исплати една просечна плата. Советничката Марина Димитријовска праша на колку време се прави анализа на водата. Претставникот Лилјана Миладиновска одговори на еден месец. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на годишната сметка гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“ против немаше.

***ТОЧКА 3. План за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општина Демир Хисар за 2022 година***

Планот за редовно одржување на општинските патишта на подрачјето на општина Демир Хисар за 2022 година беше усвоен од Комисијата за јавни и комунални дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Во врска со Планот објаснување имаше претставникот Томе Милошовски. Советникот Валентин Нестороски праша за кое растојание е планирано за косење од главниот пат до каде во селата, исто зошто не е планиран патот за Стругово за крпење на дупки. Претставникот Томе Милошовски  објасни планирано е од главниот пат до почетокот на селото, за Стругово не е планирано немало потреба. За Смилево се планира од раскрсницата Мраморица. Советникот Сашо Михајловски објасни на комисијата за јавни и комунални дејности се разговараше за забелешката зошто не е ставен патот за Суводол за косење. Тој пат има повеќе движење се обработуваат нивите и не расти трева затоа нема потреба од косење. Претставникот Томе Милошовски објасни после комисијата биле на лице место утврдено е дека тој пат нема потреба од косење, затоа и не се планира таму косење. Дискусија повеќе немаше. За донесување на Планот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 4. Извештај за извршено чистење на снег на општинските патишта и улици во Демир Хисар за сезона 2021/2022 година***

Извештајот за извршено чистење на снег на општинските патишта и улици во Демир Хисар за сезона 2021/2022 година беше усвоен од Комисијата за јавни и комунални дејности објасни Претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Во врска со Извештајот објаснување имаше претставникот Моника Петреска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи во програмата за чистење да се внеси и патот до манастир Св. Атанасиј во Журче. Што се однесува за чистењето на снегот на почетокот имаше забелешки, но после тоа добро се вршеше чистењето, исто сугерираше во иднина да не се дозволува паушално да се фактурира. Да се врши контрола над работата. Претставникот Моника Петревска објасни надзор се врши над работата, потоа дополни кога ќе се носи планот ќе се планира и тој пат до манастирот. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Решение за именување на член претставник од Локална самоуправа во Училишен одбор во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар***

Во врска со Решението за именување на член претставник од Локална самоуправа во Училишен одбор во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар советничката Александра Трајковска ја предложи Јасмина Василеска Паерчаковска да биде третиот член во училишниот одбор. Советничката Марина

Димитријовска го предложи Борче Котевски. Советникот Сашо Михајловски истакна на повеќе наврати се дискутираше за ова во телата да има пропирционална застапеност на советничките групи, и постојано се практикува исто. Како опозиција сме контруктивни одлуките поминуваат со 11 за што не било случај предходно, ако соработуваме да соработуваме ваквото постапување воопшто не е коректно. Ако сакаме да соработуваме патот е тој, ништо не значи еден член, барем еден наш предлог да помини. Дискусија повеќе немаше. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски исткна има два предлози и ги стави на гласање. За предлогот од советничката Александра Трајковска гласаа 6 „за", за предлогот од советничката Марина Димитријовска гласаа 5 „за". Претседателот на Советот констатира за член во училишен одбор во СОУ Крсте П Мисирков е именувана Јасмина Василеска Перчаковска.

***ТОЧКА 6. Решение за разрешување и именување на претседател во Управен одбор во ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар***

Советничката Александра Трајковска објасни се разрешува од претседател во Управен одбор во ЈП „ДЕХИ ТРАНС" Демир Хисар Никола Симоновски, а се предлага на негово место Златко Јовановски од Суводол. Советничката Ивана Кочовска предложи на местото од Никола Симоновски да биди Христијан Алексовски од Прибилци. Други предлози немаше. За предлогот на советничката Александра Трајковска гласаа 6 „за", за предлогот на советничката Ивана Кочовска гласаа 5 „за". Преседателот Љупчо Најдовски констатира за претседател на УО на ЈП Дехи Транс е именуван Златко Јовановски.

***ТОЧКА 7. Одлука за поставување на легнати полицајци во Демир Хисар и во селата***

Во врска со поставување на легнати полицајци во Демир Хисар и во селата претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни оваа точка на Дневен ред е по негова иницијатив бидејќи по улиците се вози многу брзо да се најди начин да се спречи тоа. За таа цел предложи да се формира тело кое ќе ги утврди критичните места во градот и населените места и да се најди начин да се реализира ова во интертес на сите граѓани. Претставникот Томе Милошовски објасни стручно тоа се вика вештачка изаденост за смирување на сообраќајот, општината има изготвено проект за улица 1-ви Мај, улица Маршал Тито и улица Гоце Делчев, но тоа повлекува и сообраќајна сигнализација, светлосни ознаки или по некоја пресметка вкупно би чинело околу еден милион денари. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи тоа се вистина доста средства, но не се повредни од човечки живот. Советникот Сашо Михајловски се согласи да се формира работно тело да има претставници и од советот од општината од стручните служби и во Демир Хисар не само само овие три улици по 11 Октомври исто така многу брзо се вози. Претставникот Томе Милошовски објасни овие три улици се опфатени со проектот што е изготвен. Советничката Јасмина Јовановска додаде и улицата Гоце Делчев во делот над бензинската пумпа Макпетрол е место каде доста брзо се вози. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде таа беше целта да се отвори прашањето да се лоцираат клучните точки каде има потреба и да се изготват проекти исто по селата има критични места каде се вози брзо. Да се донеси заклучок да се опфатат сите места во градот и населените места. Во Журче има две критични места, за Сопотница ќе кажат жителите на ова село така и за другите населени места. Од дискусијата беше донесен заклучокот: Советот на Општина Демир Хисар согледувајќи ја ситуацијата со безбедноста на сообраќајот, а поради брзото возење по улиците во општина Демир Хисар едногласно прифати да се изготват проекти за поставување на вештачка издаденост на патот со цел забавување на возилата на критичните места на улиците во Демир Хисар и населените места на подрачјето на општина Демир Хисар. За таа цел предложи да се формира работно тело со претставници од Полициската станица од општа надлежност Демир Хисар, претставници од Советот на Општина Демир Хисар, претставници од МЗ на населените места и стручни соработници од општината кои ќе ги утврдат критичните места во градот Демир Хисар и во населените места на територијата на општина Демир Хисар. За заклучокот гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 8. Формирање на Шинтерска служба во склоп на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците оваа точка е на негова иницијатива, бидејќи многу луѓе имаат проблеми со кучињата скитници. Затоа предлага да се задолжи директорот на ЈКП „Комуналец" да се најди начин да се даде соодветна грижа во рамките на претпријатието да се направт услови за да се згрижуваат кучињата, а вишокот храна во соработка

со фирмите наместо во депинијата да му се дава на кучињата. Затоа предложи да се донесе одлука од страна на Советот. Раководителот на одделението за инсекциски надзор Сузана Цуцуловска објасни има закон за заштита на кучињата од 2014 година и сме обврзани да работиме по него. Согласно член 28 од тој закон во 2019 година беше донесена четиригодишен план, која завршува оваа година. Првите две години беа планирани по 500.000, а вторите две години по 400.000, вие ја донесовте годишната програма за 2022 година со буџет од 400.000 согласно тој план. Терминот „шинтер служба“ не постои во законот, а во законот е опишано начинот и постапката за заловување на кучињата тоа да биде безболно на хуман начин. Треба специјално возило за транспорт до прифатилиште, после тоа потребен е стручен кадар, надзор после тоа следи вдомување или испуштање, а за сето тоа согласнот дава Агенцијата за храна и ветеринарство, треба персонал, грижа добри услови, ЈКП „Комуналец“ нема услови да го прави тоа ниту технички ниту човечки ресурси. Исто прифатилиштето треба да е одалечено 500 м од населено место, а веќе имаме донесено програма и треба да работиме според таа програма. Тендер има распишано во постапка е има налог за 55-60 кучиња толку доволно е и толку се можностите. Советничката Ивана Кочовска не е проблем програмата, ако има потреба ќе се дополни, да има повеќе средства да се заловуваат повеќе кучиња. Советникот Валентин Несторовски додаде има тендер нека си ја работат работата. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски рече јасно ние ја носиме програмата ние ја менуваме нека оди вака во иднина ако треба нешто ќе се направи. Најголем проблем е тоа што постојано се пуштаат кучиња. Раководителката Сузана Цуцуловска додаде на есен ќе се носи нов четиригодишен план тогаш ќе се одлучува, но мора да биди во склоп на законот. Поголем проблем претставуваат неодговорните сопственици, се случува каснување од куче да е во двор, score неможи да се докажи дека кучето не е скитник, треба повеќе едукација, сопствениците треба повеќе да се грижат за кучињата. Советничката Сандра Пејковска истакна законот е добар, но не е соодветен со нашите услови, треба во делот на контролата надлежните да имаат повеќе увид и да се санкционира неодговорното однесување, законот предвидува услови на високо ниво, ние не можиме такви услови да обезбедиме. Раководителката Сузана Цуцуловска објасни за кучињата на сопствениците не е надлежна општината тоа е надлежност на ветеринарните инспектори, општината е надлежна над кучињата скитници. Има регистер на евиденција на кучињата, но територијата е многу голема еден ветеринарен инспектор тешко можи да постигни. Советничката Сандра Пејковска предложи најпрво да се почни со кучињата кои имаат сопственици, кога ќе се среди тоа многу малку ќе останат кучиња скитници. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски збор и даде на Мирјана Јанческа. Во своето излагање Мирјана Јанческа истакна предходните четири години има одлична соработка на општината, советот и инспекторатот со граѓаните. Беа вдомени 60 кучиња, но најголем проблем се кучињата на сопствениците, треба екипи од претставни на институциите во соработка со граѓаните кои на терен повеќе ги знаат кучињата кој имаат сопственици. Во овие шест месеци по смената на локалната власт, настана хаос, бев кај градоначалникот му посочив кој кучиња треба да се заловат, ни едно од тие кучиња не е третирано, две од нив имаат млади, иако за тоа беше запознат градоначалникот. Сега има повеќе кучиња на терен за третирање, наместо да се спречи тоа. Многу е важно граѓаните да се едуцираат, колку повеќе кучиња се вдомат е во интерес на општината, нема потреба граѓаните да молат за да вдомат куче. Проблемот е во тоа што градоначалникот не сака да соработува, вие сте избрани од граѓаните и располагате со нашите пари и треба да се соработува. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде разговарав со градоначалникот му кажав да си определи лице кое ќе работи на оваа проблематика. Раководителката Сузана Цуцуловска истакна во општината има задолжено лице кое се занимава со оваа проблематика, можеби градоначалникот рекол во тој момент поради постапката со јавната набавка не можело да се реагира. Во еден момент имаше потреба да се заловат три кучиња кај АД „Железник“ , имаше од Сопотница, кај Психијатриската во населбата, толку се средствата толку можеме да заловиме, ако општината имаше на располагање еден милион денари лесно ќе беше. Кај АД Железник се бараше 7 да се заловат кај фармата 4 толку е планот не можеме секаде да се одговори се прави приоритет, не ги кочи градоначалникот работите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи соодветно да се

одговора на оваа проблематика и да се затвори прашањето. Мирјана Јанческа додаде не можи сите кучиња да се заловат, но можи да се направи приоритет, не можи да не се залови скучна кучка да нема таа приоритет. Можи да се донесат средства за донација за изградба на прифатилиште. Раководителката Цуцуловска реагираше приоритет се дава на агресивни кучиња, женските кучиња се стерилизираат, не можи на приватни сопственици да се третираат кучињата на сметка на општината. Мирјана Јанческа истакна кучката која беше скучна не е регистрирана како куче на сопственик иако има сопствник, сега тие кучиња се на улица како бездомни, ако му се стерилизираше кучката сега немаше да има плус кучиња по улиците. Советничката Сандра Пејковска истакна тие се средствата и службите стручно си ја вршат работата. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски рече за овај проблем повеќе пати се расправало на Совет, ако предходната пракса била добра нека се применува, потоа предложи Мирјана Јанческа ако треба Советот ќе донеси одлука да биди вклучена како соработник ако треба и паушал ќе се определи. Никој не ги спречува да формираат здружение додаде Раководителката Сузана Цуцуловска, нека изработат проект нека донесат средства. Мирјана Јанческа рече не се работи тука за паушал и несака надомест за неа важно е добра волја и правилен пристап на проблемот, да се работи како предходно тогаш немаше проблеми. Претседателот на Советот Најдовски ја затвори расправата по ова прашање со забелешка градоначалникот да ги прифати сугестиите во насока да се работи на принцип како и предходно ако тоа било добра пракса, и да се формира здружение за пристапот на проблемот да биде подобар.

***ТОЧКА 9. Извештај за досегашниот тек во спроведување на Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти***

За Извештајот за досегашниот тек во спроведување на Законот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти објаснување имаше претставникот Катерина Радовска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи во согласност со законските регулативи кажете како можи Советот да помогни, да се олесни работата и на општината и на граѓаните. Демир Хисар се пусти, куќите се празни се иселува, ако нешто се гради треба да му се даде шанса тој што сака да остани, граѓаните бараат помош од нас како да му помогниме да олесниме. Потоа упати апел до одделението во иднина барајте начин да ги решавате предметите да му помогнете на граѓаните, направиле куќи тука. Од поднесените барања половина се одбиени зошто е така. Претставникот Катерина Радовска објасни некој од тие барања немаа комплетна документација, некој објектите ги граделе после законот, некој кога ги посетила комисијата немале дограма не биле во функција, со новиот закон кој е во постапка ќе имаат право повторно да поднесат документи. Советникот Аце Јанкуловски праша во Вардино за новите куќи имало одбиено барања за легализација. Си купија места луѓето си изградија куќи. Претставникот Катерина Радовска објасни ако се градени после законскиот рок не можи да се легализираат. Советничката Александра Трајковска истакна кога се носат законите се носат да важат исто и за градот и за во село. Во Сопотница 2000 евра кошта да комплетираш документација па да избериш фирма која ќе гради и цела постапка. Советничката Ивана Кочовска додаде кога се носат законите треба да имаат во предвид и за вакви средини. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде заради тоа предлагам ние како Совет да помогниме да донесиме заклучок ваквата состојба е загрижувачка за едно подрачје како општина Демир Хисар кое се празни, се иселува населението, а граѓаните бараат помош од Советот. Затоа се задолжуваат службите да бидат пофлексибилни при спроведување на законот, имаат подршка од Советот да се помогне на граѓаните кои сакаат да останат во општината, исто 311 предмети се во постапка да се забрза постапката за решавање на овие предметите. Во рамките на законот со амин од Советот пофлексибилно да се решаваат барањата, во интерес на сите граѓаните и на општината. Заклучокот беше донесен со 11 „за“.

ТОЧКА 10. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците има повеќе барања доставено од месни заедници, потоа ги запозна советниците поединечно за секое барање повеќето од тие барања се за работа со машина, за тоа општината во соработка со комуналното претпријатие ќе му излези во пресрет на месните заедници во рамките на можностите. Има некој барања од месни за

средства кои му се потребни за заокружување на проекти МЗ Журче има обезбедно материјал потребни се средства за да се плати мајстор за изградба на капела потребно е 20.000, МЗ Мренога бара средства за работна рака на мајстор за реновирање на селска чешма исто има обезбедено материјал убав проект ако има можност да му се одобрат 25.000, МЗ Утово му се потребни 10.000 за работна рака за поставување на бекатон плочки, МЗ Смилево за санација на потпорни зидови, некои месни бараат гребен асфалт или тампон. Во рамките на можностите да се помогне во Буџетот има ставка планирано за вакви намени колку се средства да се помогне. Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 815/2
27.06.2022 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.